Бр. 07-1540/13-1
30.11.2011
Б и т о л а

Врз основа на член 57 алинеа 9 од Законот за високото образование, Ректорската управа на Универзитетот, на 140-та седница одржана на ден 30.11.2011 година, ја донесе следната

# О Д Л У К А

1. Пред формирањето на комисиите за оценка на магистерскиот или докторскиот труд, авторот на трудот треба да потпише изјава (под морална, материјална и друга одговорност) дека е тоа оригинален труд, односно дека не е плагијат. Изјавата за магистерските и докторските трудови задолжително треба да биде ставена на почетокот на трудот.
2. По формирањето на комисија за оценка на трудот, текстот на магистерскиот, односно докторскиот труд задолжително се објавува на веб страната на единицата за период од 20 дена. Заедно со трудот се објавуваат и електронските адреси на членовите на комисијата за оценка на трудот, заради евентуални забелешки и сугестии.
3. Откако ќе биде усвоен извештајот за оценка, магистерскиот, односно докторскиот труд во неговата конечна верзија се објавува на веб страната на единицата за период од 10 дена.
4. За сите досега одбранети магистерски и докторски трудови целосна одговорност сносат нивните автори.
5. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Подготвил и одобрил:
м-р Офелија Христовска

Универзитет „Св. Климент Охридски“ Република Македонија Битола

Проф. д-р Златко ЖОГЛЕВ,
Ректор